Врз основа на член 52 став 3 од Закон за административни службеници Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 142/16 и 11/18 и Службен весник на РСМ бр.275/19 и 14/20 ), а согласно член 31 од Статутот на ЈП Градски паркинг - Скопје, Директорот во рамките на своите права и овластувања ја донесе следната:

Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-325/10
05.08.2021 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

**ОДЛУКА**

**за невршење на избор на кандидат по интерен оглас број 02/2021за унапредување на административен службеник во ЈП Градски паркинг-Скопје**

***Член 1***

1. Во врска со објавениот интерен оглас за унапредување на администартивен службеник број 02/2021 објавен на 28.07.2021 година, за работно место со назив **Раководител на Сектор за комерција и маркетинг** шифра **КДР 01 02 Б02 040 – 1 извршител, не се врши избор.**

2. Оваа одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 28.07.2021 година на веб стараницата на Претпријатието и на веб страницата на Агенција за администрација објавен е Интерен оглас број 02/2021 со арх.бр.04-325/2, за унапредување на административен службеник на работно место со шифра КДР 01 02 Б02 040 Раководител на Сектор за комерција и маркетинг, 1 еден извршител.
Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со Решение со арх.бр.04-325/7 од 03.08.2021, на спроведената административна селкција утврди дека на огласот е пријавен еден кандидат кој е неуреден. Имено при проверка на приложените докази кон поднесента пријава на кадидатот Ана Трајковска се утврди дека таа не го исполнува условот да има најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен правни или економски науки и најмалку 5 години работно искуство во струката на соодветниот степен на образование.
Имено кандидатот Ана Трајковска се има стекнато со 180 ЕКТС на ден 26.11.2017 год и 120 ЕКТС и квалфикација магистер по економија на ден 25.02.2021 год.
Со оглед на фактот дека за работното место кое е предмет на унапредување се бара најмалку 5 години работно искуство во струката од кои најмалку 2 години на раководно работно место во јавен сектор, односнио најмалку 8 години работно искуство во струката од кои најмалки 3 години на раководно работно место во приватен сектор, Комисијата утврди дека кандидатот нема 5 години работно искуство по стекнување на соодветен степен на образование кој се бара за работното место. Кандидатот се стекнал со потребното образование на ден 25.02.2021 година и до денот на објавување на интерниот оглас за унапрдување 28.07.2021година, нема 5 години работно искуство во струката на соодветниот степен на образование.
Врз основа на горенаведеното, со оглед на фактот дека на објавениот јавен оглас немаше ниту еден уреден кандидат се одлучи како во дипозитивот на оваа одлука

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на Одлуката на веб страницата.

Доставена До:

- именуваниот
- Одделение за човечки ресурси
- Архива

Директор на
ЈП Градски паркинг-Скопје
М-р Борче Јакимовски